ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 21-88/7

Дата: 23.02.2012

ДО

НУ МАКЕДОНСКА ОПЕРА И БАЛЕТ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Национална установа „Македонска опера и балет„ (во понатамошниот текст НУ МОБ) на сметката на основен буџет (603) за 2010 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за наменското и законско користење на средствата на НУ МОБ за 2005 година за кои е изразено мислење со резерва. Со ревизијата за 2010 година беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година, при што е констатирано дека не е постигнат задоволителен напредок во имплементацијата на препораките. Од вкупно 10 препораки имплементирани се 2, 5 препораки се делумно спроведени, а 3 не се спроведени .

Врз основа на резултатите од ревизијата, изразуваме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на сметката на основен буџет, како и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Со ревизијата утврдивме слабости кои се однесуваат на функционирањето на системот на интерни контроли во процесот на исплата обврски кон добавувачи, нереално и нецелосно искажување на позициите на постојаните средства и залихите во Биланост на состојбата, како и пропусти во постапките за планирање и спроведување на јавни набавки на материјали и услуги.

Во однос на наведените наоди, ревизијата препорача НУ МОБ да обезбеди целосно функционирање на воспоставениот систем на интерни контроли во процесот на плаќање, да изврши реално проценување на искажаните билансните позиции и нивно целосно евиндетирање, како и почитување на Законот за јавни набавки во сите фази на негова имплементација.

Ревизијата, обрнува внимание и за начинот на финансирањето на НУ МОБ. Поради тоа потребно е НУ МОБ и Министерството за култура при донесување на Годишната програма реално да ги утврдуват потребните средства за реализација на активностите предвидени во истата како и целокупното работење на НУ МОБ имајќи ги предвид и средствата со кои располага, а се со цел навремено измирување на пристигнатите обврски.

# 1. Вовед

**1.1.** Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 14 до 16 заедно со ревизија на усогласеност на Национална установа „ Македонска опера и балет„ - сметка на основен буџет, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

**1.2.** Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

**1.3.** Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи на НУ МОБ за 2005 година и е изразено мислење со резерва.

**1.4.** Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Оливер Арсовски – директор од 25.10.2006 година до 24.12.2010 година
- Дејан Прошев – директор од 24.12.2010 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски

докази за тоа дали приходите и трошоците на НУ МОБ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени

проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обебзбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 31.10.2011 година до 23.12.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките**

**3.1.** Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година. Резултатите од оваа ревизија се презентирани во Прилог број 1 кој е составен дел на овој извештај.

Од вкупно 10 препораки дадени во конечниот извештај на ОДР за 2005 година, од страна на МОН спроведени се 2 препораки, 5 препораки се делумно спроведени и 3 препораки не се неспроведени.
Наведеното укажува дека од страна на НУ МОБ не е направен задоволителен напредок во имплементацијата на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор од 2005 година. НУ МОБ треба да продолжи целосно да ги имплементира и останатите препораки во планираните рокови.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 29.12.2011 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 16.01.2011 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Интерни контроли**

**4.1.1.** Со увидот во воспоставениот систем на интерни контроли и начинот на неговото функционирање во процесот на плаќање, ревизијата утврди

определи слабости кои се однесуваат на следното:

- Сметководствените документи со кои се врши исплатата на авторските хонорари не ги содржат сите потребни елементи од кои јасно и недвосмилено ќе може да се утврди основот за исплата. Во најголем дел на случаи се врши исплата на авторите или група автори, по различни основи (надомест за ангажман, разни патни и дневни расходи,агенциска провизија и др) без истите да бидат специфицирани и наведени во сметковоствените документи. Нема јасно разграничување на должностите при исплата и контрола на наведените сметководствени документи, и истите се контролират и одобруваат од страна на едно лице. Вака воспоставениот систем на интерни контроли не е во согласност член 14 од Правилникот за сметковоство за буџетите и буџетските корисници.
- Ревизијата утврди одредени слабости при контрола и исплата на сметководствените документи со кои се врши набавка на стоки или одредени услуги. И покрај тоа што воспоставениот систем врши проверка на формална точност на документите, во исто време не се врши споредување и усогласување на искажаните износи во фактурите со износите наведени во понудите од спроведената постапка. Вака воспоставениот систем на интерни контроли во процесот на плаќање, не дава доволно уверување дека финанските промени односно трансакции искажани во сметководствените документи се целосни и точни што не е во согласност со член 17 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

Одговорното лице за финансии да превземе активности за целосно функционирање на воспоставениот систем на интерни контроли во процесот на плаќање, што значи потврдување на нивна веродостојност и релеватност како основ за евидентирање и одобрување на финансиските трансакции, со цел намалување на ризикот од исплата на нецелосни и невороодстојни сметководствените документи.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Финансиските средства за реализација на дејноста на НУ МОБ се обезбедуваат од средства од буџетот и други извори на финансирање. Буџетските средства за реализација на годишната програма се обезбедуваат со поединечните договори кои што НУ МОБ ги склучува со Министерство за

култура каде што се предвидени средства во вкупен износ од 42.798 илјади денари, како и платите на вработените во вкупен износ од 153.415 илјади денари. Предвидените буџетските средства, Министерство за култура целосно ги исплаќа согласно утврдената динамика и износот во договорите. Од друга страна финансиските средства на сметките на кои се остваруваат сопствени приходи не се реализирани на ниво на предвидените приходи/расходи во финансискиот план, односно процентот на реализација на овие средства изнесува 59% од вкупно планираните, поради нецелосно остварување на приходите на овие сметки. Ваквиот начин на планирање во услови на нецелосна реализација на сопствените приходи, во континуитет повеќе години, има за ефект зголемување на неизмирените обврски на НУ МОБ на сметката на основен буџет на која се евидентираат и на крајот на 2010 година изнесуваат 13.991 илјади денари што не е во согласност со член 3 од Законот за буџетите и член 53 од Законот за извршување на буџетите. Најголем удел од вкупните обврски (80%) се однесуваат за комунални услуги и авторски хонорари кои го отежнуваат нормалното функционирање на установата. Со цел надминување на овој проблем, Министерството за култура извршило дополнително префрлување на средства за покривање на неизмирените обврски за електрична енергија во вкупен износ од 1.445 илјади денари, кои не се предвидени во Годишниот договор и Анексот на договорот, што значи не постапило во согласност со членот 66 од Законот за културата.

**Препорака**
НУ МОБ и Министерство за култура при планирање и утврдување на средства потребни за реализација на тековните активности реално да ја утврдуваат висината на потребните средства за тековните активности, а приходите и расходите на сметките за сопствени приходи да се планират во висина на реално очекуваните приходи.

## 4.3. Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

4.3.1. Ревизијата не можеше да се увери во целосноста и точноста на искажаните позиции од Билансот на состојба што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници поради следното:

- Во сметководствената евиденција на НУ МОБ евидентирано е земјиште во вкупен износ од 29.760 илјади денари за кое не е обезбеден доказ за сопственост , како и начинот на кој е утврдена проценетата вредност по кое е заведено во сметководствената евиденција. За земјиштето не е

пресметана ревалоризација на крајот на годината како разлика помеѓу утврдената вредност според просечни пазарни цени од страна на комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот од единицата на локалната самоуправа во која се наоѓа земјиштето и искажаната сметководствена вредност што не е во согласност со член 28 од Правилникот за сметководство за буџети и буџетските корисници.

- Пописната комисија утврдила 88 уметнички дела за кои не е утврдена вредност и истите не се заведени во сметководствената евиденција што има за ефект нереално искажување на постојаните средства во Билансот на состојба.
- Ревизијата утврди дека не се врши целосно евидентирање на залихи на готови производи (костимографија) поради не изготвен сметководствен документ за прием и формирана вредност на истите. Делот на изработените производи за кои постои спецификација за вредноста на потрошени материјали користени при нивна изработка се евидентираат во сметководствената евиденција на позиција - Ситен инвентар во употреба и истите целосно се отпишуваат со нивно давање во употреба. На оваа позиција на крајот на годината не е искажана состојба на залиха. Исто така од страна на пописната комисија не е извршен физички попис на неевидентираните залихи на изработената костимографија и покрај тоа што истите стојат на залиха во магацините .
- Пописот на Обврски кон добавувачите во вкупен износ од 13.991 илјади денари е направен со преземање на состојба од сметководствената евиденција без да се утврди правната основа за постоење на истите како и старосната структура, што не е во согласност со член 31 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Делот од искажаните обврски се однесуваат на заедничко функционирање со поранешната МНТ до 2005 година и при поделба на истите со делбен биланс не е извршено разграничување на обврски на новоформираните установи.

**Препораки:**

- Одговорното лице на субјектот да поднесе барање до надлежните институции за утврдување на правото на сопственост на земјиштето, по што истите ќе бидат заведени во евидентната книга од страна на Агенцијата за катастар на недвижности. На крајот на периодот да се изврши ревалоризација на искажаното земјиште евидентирано во Билансот на состојба.

- Да се формира комисија за утврдување на вредноста на искажаните уметнички дела во пописни листи и истите вредносно да се заведат во сметководствената евиденција.
- Пописната комисија да изврши физичко пребројување на изработена костимографија во магацините и истата вредносно да се заведе во сметководствената евиденција.
- Пописната комисија да ја утврди правната основа и старосната структура на евидентираните обврски со цел давање предлог мерки за нивното реално искажување и отпис на застарените обврски.

## 4.4. Користење на средства согласно законски прописи

4.4.1. Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на НУ МОБ за 2010 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност, рационално и ефикасно искористување на средствата како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 38 постапки за јавни набавки спроведени во 2010 година и тоа: 1 постапка со барање на прибирање на понуди со објавување на оглас, 1 отворена постапка и 36 постапки со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас во вкупен износ 9.450 илјади денари. Ревидираните постапки изнесуваат 8.040 илјади денари и претставуваат 85 % во однос на вредноста на доделените договори за истите. Исто така беше опфатена и една отворена постапка спроведена во 2009 година од кои ревидиравме вредност во износ од 4.369 илјади денари.

Со ревизијата утврдивме слабости и неправилности во следните случаи:

- Годишниот план за јавни набавки на НУ МОБ не е усвоен од соодветен одговорен орган, односно Управниот одбор на НУ МОБ и не е архивски заведен поради што не се уверивме дека набавките се добро испланирани и дека планот е донесен во законски утврдениот рок што не е во согласност со Уредбата за канцелариско работење и член 26 од Законот за јавни набавки. Во Планот не е наведен терминот на очекуваниот почеток на постапката, туку за сите предвидени набавки е наведно дека ќе се спроведат по потреба. Не се направени и измени и дополнувања на планот согласно реализираните набавки.

- Одлуките за јавна набавка, поканата за поднесување на понуди, записникот од отварање на понудите и одлуката за избор на најповолен понудувач се архивирани под ист датум, дел од одлуките се со датум по доставените фактури за извршената работа, што укажува на формалност на спроведување на постапките.
- Во поканата не е наведен крајниот рок за поднесување на понуди и нема доказ дека истата се доставува до три економски оператори што не е во согласност со член 100 точка 3 и 5 од ЗЈН,
- Не се обезбедува доказ за способноста за вршење на дејноста што не е во согласност со член 102 од ЗЈН,
- Не се користи електронска аукција за доделување на договор за јавна набавка која НУ МОБ има обврска да ја спроведе во најмалку 30% од проценетета вредност на планираните постапки за доделување на договори за јавна набавка од јануари 2010 година, што не е во согалсност со член 24 од измените на ЗЈН од 2008 година.
- Извршено е делење на договорите за јавна набавка на повеќе посебни договори со පониска вредност кај 15 постапки со барање на прибирање на понуди без објавување на оглас со проценета вредност на доделените договори/фактури од 3.174 илјади денари. За овие набавки исплатени се средства во вкупен износ од 2.018 илјади денари и тоа: од сметката на основен буџет (603), 1.110 илајди денари, од сметката на основен буџет (631), 205 илајди денари и од сметката на буџет од самофинансирачки активности (787), 703 илајди денари. На овој начин избегнато е спроведување на друг вид на постапка што не е во согласност со член 27 од ЗЈН и тоа за:
    - за изнајмување на аудио видео опрема и проектор спрведени се 8 постапки,
    - за транспорт на театарска опрема за различни дестинации спроведени се три постапки, и
    - за печатење на разни материјали спроведени се 4 постапки.

Не се спроведени постапки за јавна набавка на:

- потрошен материјал за инструментите во вкупен износ од 853 илајди денари и

- за услуги за посредување, за што се исплатени се 527 илјади денари за агенциска провизија

Слабостите што ги констатиравме при спроведување на постапки имаат за ефект намалена транспарентност фер конкуренција, објективност при избор

на добавувачите и економичност при трошењето на средствата.

**Препорака**

При спроведувањето на постапките за јавни набавки, НУ МОБ да обезбеди остварување на барањата утврдени во Законот за јавни набавки: транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договорите за јавни набавки како и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.
Исто така НУ МОБ да обезбеди Планот за јавни набавки да го донесува Управниот одбор на НУ МОБ, на предлог на Директорот на установата.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектите од наодите изнесени во точката 4.3.1. а кои се однесуваат на: неутврдена сопственост на земјиштето и неутврдена сегашна вредност на истото, неизвршено сметководствено евидентирање на залихите на готови производи и ситен инвентар, неизвршен правилен попис на состојбите на постојаните средства, залихите на готови производи и ситен инвентар, како и на обврските, ревизијата изрази резерва за реалноста и објективноста на Билансот на Состојба на ден 31 декември 2010 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.3.1. финансиските извештаи ги прикажуват вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансискта состојба на НУ Македонска опера и балет - сметка на основен буџет на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечка законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2.1, 4.3.1., и 4.4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на НУ Македонска опера и балет - сметка на основен буџет, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

6.1. Платите на вработените во МОБ се пресметуваат според Правилник за распределба на плати. Директорот на НУ МОБ два пати извршил усогласување на платите на вработените (во 2007 и во 2008 година) со зголемување на масата за плати од 20%. Со ваквите промени е извршено и менување на бројот на бодовите по работни места и/или утврдување на различна вредност на бодот во корист на вработените од опера и балет. Незадоволни од пристапот на директорот во распределба на бодовите, масата на плати и вредноста на бодот, дел од вработените од сценска техника и работна заедница водат работен спор пред надлежен суд. Двете тужби, поднесени од 23 вработени во 2008 и од 9 вработени во 2009 година се во постапка, и имаат идентично барање за исплата на помалку исплатени плати и придонеси. За надминување на овие состојби вработените во МОБ имаат интерес за пристапување кон посебен колективен договор за јавни претпријатија и јавни установи кои согласно Законот за работни односи е предвидено дека го склучуваат основачот или органот кој тој ќе го овласти и репрезентативниот синдикат.

Во текот на 2010 година, директорот заради потребите на работниот процес неколку пати вршел и прераспоредување на вработените во МОБ и покрај писмените укажувања на Министерството за финансии да не се вршат нови вработувања и унапредувања без согласност за обезбедени средства. Како последица на оваа состојба, на тројца вработени кои во јануари и февруари 2010 година биле прераспоредени на работни места со помал број бодови, а во ноември и декември истата година повторно вратени на претходните работни места, им се исплатува помала плата согласно бодовите кои одговараат за тие работни места. За надминување на оваа состојба, МОБ во јуни и во октомври 2011 година доставило барање до Министерството за култура за корекција на платата на овие вработени за кое министерството се уште се нема произнесено.

6.2. Заради реализација на програмскиот репертоар, НУ МОБ, континуирано во текот на годината ангажира од 20-37 домашни уметници, како надворешни соработници преку Македонска авторска агенција. За нивното ангажирање, согласно Законот за култура, НУ МОБ секој месец склучува изведувачки договори за видот на ангажманот и износот на изведувачкиот надомест, кој соодвествува на платата што ја земаат вработените лица без додаток за работен стаж. Статусот на вработување на овие лица лица подолго време не е

решен и покрај тоа што овие работни места се предвидени во актот за организација и систематизација, но истите не се целосно пополнети поради рестриктивнта политика на Министерство за финансии за вработување во државните органи. Со годишен договор за финансирање за овие соработници не се обезбедени средства на посебни позиции, туку истите се исплаќаат од средствата предвидени за реализација на поединечните проекти.

**6.3.** Обрнуваме внимание дека НУ МОБ се јавува во својство на тужена страна по разни основи во вкупно 20 судски спорови, од областа на работни, трговски и граѓански спорови и казнени постапки. Во моментот на ревизијата, конечниот исход од истите не е познат и постои неизвесност за дополнително оптоварување на износот со камати.

Скопје, 22 февруари 2012 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 197.570 | 211.609 |
| **Вкупно приходи** | **197.570** | **211.609** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 153.415 | 152.050 |
| Резерви и недефинирани расходи | 98 | 90 |
| Стоки и услуги | 39.500 | 45.770 |
| Субвенции и трансфери | 122 | 717 |
| **Вкупно тековни расходи** | **193.135** | **198.627** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 4.435 | 12.982 |
| **Вкупно капитални расходи** | **4.435** | **12.982** |
| **Вкупно расходи** | **197.570** | **211.609** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 2 | 2 |
| Побарувања од вработените | 17 | 17 |
| Активни временски разграничувања | 26.937 | 27.953 |
| Залихи | 8 | 341 |
| **Вкупно тековни средства** | **26.964** | **28.313** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 29.760 | 29.760 |
| Материјални средства | 147.429 | 138.042 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 820 | 820 |
| **Вкупно постојани средства** | **178.009** | **168.622** |
| **Вкупна актива** | **204.973** | **196.935** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 13.991 | 15.017 |
| Краткорочни финансиски обврски | 19 | 19 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 12.946 | 12.936 |
| **Вкупно тековни обврски** | **26.956** | **27.972** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 178.017 | 168.963 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **178.017** | **168.963** |
| **Вкупна пасива** | **204.973** | **196.935** |

| ПРЕГЛЕД<br>НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
| **Состојба 01.01.2010 година** | **168.622** | **8** | **168.630** |
| **Зголемување по основ на:** | **15.675** | **-** | **15.675** |
| Набавки | - | | - |
| Вишок по попис | | | - |
| Ревалоризација на капитални | 15.675 | | 15.675 |
| **Намалување по основ на:** | **6.288** | **-** | **6.288** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 3.115 | | 3.115 |
| Амортизација | 3.173 | | 3.173 |
| Корекции амортизација | - | | - |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **178.009** | **8** | **178.017** |